# З А П И С Н И К
## Од 4- та седница на Советот на Општина Велес
## која се одржа на 28.11.2025 година

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 22 члена на Советот.

Потоа ја отвори 4-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:10 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа записникот од 3-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 3-та седница и по гласањето се утврди дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ беше усвоен Записникот од 3-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Советнички прашања;
2. Предлог – ЛИСТА за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес;
3. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2026 година;
4. Предлог – програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година;
5. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2026 година;
6. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година;
7. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година;
8. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2026 година;
9. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година;
10. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година;
11. Предлог –програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година;
12. Предлог –програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година;
13. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2026 година;
14. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година;
15. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година;
16. Предлог – програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2026 година;
17. Предлог – оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес во 2026 година;
18. Предлог – програма за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица;
19. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година;
20. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес;

21. Предлог – решение за именување член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес.
22. Предлог – решение за именување членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации;
23. Предлог – решение за именување членови во Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро „Младост”.
24. Предлог – решение за именување претседател и членови во Комисијата за вршење на расход на основни средства и ситен инвертар сопственост на Општина Велес.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 21 присутен член на Советот со 19 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ истиот се усвои.

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Советнички прашања**

**Лилјана Чолакова Дервишова**

1**.**Пензионери кои живеат во пределот на Камено Брдо и н. Тунел, бараат ако може да се направи мал објект како барака околу црквата во пределот Багремче, за да може да се собираат, да се дружат. (одговорено од градоначалник)

2.Во пределот на Солено Чешмиче, освен на шахти да се направи дератизација и околу напуштените куќи во тој дел. (одговорено од градоначалник)

**Жарко Манасков**

1.Да се најде решение за паркирањето на ул.Методија Андонов Ченто, кај Жито Маркет. (одговорено од градоначалник)

2.Да се најде решение за спречување на непријатен мирис кој се шири од отворениот канал на ул.Вардарска(одговорено од градоначалник)

**Игор Стојанов**

1.Да се најде решение за санирање на улицата Петре Прличко која е во многу лоша состојба, поточно пред Амбулантата Панче Васков и Дневниот центар за лица со попреченост (одговорено од градоначалник)

2.Осветлувањето на спортските терени кои се наоѓаат во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес и Кошаркарското игралиште на „Автобуска станица“ Велес е за пофалба. Со тоа Општината покажува дека се грижи за зачувување и одржување на своите објекти.

**Димче Ацков**

1. Зошто се во застој улиците Раштански пат и Андон Шурков до пругата (одговорено од градоначалник)

**Звезданка Пешиќ**

1.Дали планирате изградба на Дом за стари лица? (одговорено од градоначалник)

2.Дали Општината има предвидено дополнително решение за справување со кучињата скитници, со оглед дека ЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци делумно го решава проблемот? (одговорено од градоначалник)

3.Дали планирате во наредните четири години да вработите инспектор за заштита на животната средина? (одговорено од градоначалник)

**Анета Стајиќ**

1. Со огглед дека Велес сеуште нема воспоставено систем за селекција на отпад, систем за рециклирање на отпад, механизам за контрола на диви депонии, стратегија за зелена инфраструктура и соодветна модерна механизација, дали ЈКП „Дервен“ Велес има капацитет да се подигне од ниво на основна комунална хигиена, на ниво на современо европско управување со отпад и ако има кои се конкретните чекори, рокови и инвестиции со кои би се овозможило тоа за да Велес стане првиот град во Македонија што селектира, рециклира и компостира отпад од граѓаните и индустријата? (одговорено од градоначалник)
2. Од причина што Велес има долгогодишен товар од индустриско загадување со високи концентрати на тешки метали во почвата и ризични зони кои сеуште немаат целосно научно мапирање, дали Општина Велес има или нема и ако нема зошто нема детална биохемиска и хидробиолошка карта на ризични локации со тешки метали која е документ, односно основа за секоја сериозна еколошка стратегија и кога конкретно би се започнал процес на систематско мапирање и медијација на најзагадените зони во градот? (да се одговори писмено од страна на одделението за заштита на животната средина)

**Мирјана Петрушевска Савова**

1. Колку чини фонтаната во н.Населба?(писмено)
2. Поставување на подземен контињер на ул.8-ми Март. (одговорено од градоначалник)
3. Кои се членови на Комисијата за поставување на урбана опрема и дали излегуваат на терен и дали некој врши контрола, односно надзор?(писмено)

**Јованче Манасков**

1.Зошто не се врши селекција на отпадот од домаќинствата? (писмено)

2. Зошто не функционира страницата на Општина Велес? (писмено)

3.Колку од мониторинг апаратите за мерење на загаденоста на воздухот што се донација, функционираат? (писмено)

4.За што се потрошени парите што се донација за Питијадата? (писмено)

**ТОЧКА 2. Предлог – ЛИСТА за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес**

Слободан Ников, претседател на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 19 гласа „за“ и 1 глас „воздржан“ се донесе ЛИСТАТА за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес.

**ТОЧКА 3. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Јадранка Илијева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За збор се јави: Елизабета Митревска Анѓелеска.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“, 1 глас „против“ и 4 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2026 година.

**ТОЧКА 4. Предлог – програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 17 гласа „за“, 2 гласа „против“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 20 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2026 година.

**ТОЧКА 6. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5542/1 од 27.11.2025 година, од страна на Советничката група на Левица.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Звезданка Пешиќ, беше дадено објснување по предложениот Амандман.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Градоначалникот се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Се премина кон гласање на Амандманот и од 23 присутни членови на Советот, со 6 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За збор се јави Игор Стојанов.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година.

**ТОЧКА 7. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За збор се јави: Јованче Манасков.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „против“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година.

**ТОЧКА 8. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5546/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на СДСМ.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на претставник на предлагачот на Амандманот, Мирјана Петрушевска Савова беше дадено појаснување по Амандманот.

Овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова, се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.
Се отвори расправа по Амандманот.
Никој не се јави за збор.
Амандманот се стави на гласање и од 23 присутни членови, со 6 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5547/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на СДСМ.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на претставник на предлагачот на Амандманот, Мирјана Петрушевска Савова беше дадено појаснување по Амандманот.
Градоначалникот се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Се отвори расправа по Амандманот.
За збор се јави Игор Стојанов.
Амандманот се стави на гласање и од 23 присутни сленови, со 6 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5548/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на СДСМ.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на претставник на предлагачот на Амандманот, Мирјана Петрушевска Савова беше дадено појаснување по Амандманот.
Градоначалникот се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Се отвори расправа по Амандманот.
За расправа не се јави никој.
Амандманот се стави на гласање и од 23 присутни сленови, со 6 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Мирјана Петрушевска Савова, Игор Стојанов, Весна Атанасовска.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „против“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2026 година.

**ТОЧКА 9. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Звезданка Пешиќ, Јованче Манасков, Лилија Чолакова Дервишова.
Процедурално за збор се јави Весна Атанасовска.
Одговор на поставените прашања даде Градоначалникот.
Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година.

**ТОЧКА 10. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Игор Стојанов, претседател на Комисијата за спорт и млади, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.08-5444/5 од 28.11.2025 година од страна на Градоначалникот.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде Претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „против“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година.

**ТОЧКА 11. Предлог – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Игор Стојанов, претседател на Комисијата за спорт и млади, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година.

**ТОЧКА 12. Предлог – програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5522/1 од 26.11.2025 година од страна на Изабела Апцева.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Изабела Апцева, беше дадено објаснување по предложениот Амандман.

Овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова, се изјасни дека се прифаќа Амандманот.

Се преминува кон гласање и од 23 присутни членови на Советот, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ го доби потребното мнозинство и станува составен дел на точката.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година.

**ТОЧКА 13. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2026 година.

**ТОЧКА 14. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5543/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на Левица.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Анета Стајиќ, беше дадено објаснување по предложениот Амандман.

Овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Амандманот се стави на гласање и од 23 присутни членови, со 6 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Јованче Манасков, Анета Стајиќ, Елизабета Митревска Анѓелеска и Мирјана Петрушевска Савова.

Одговор на поставените прашања даде Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година.

**ТОЧКА 15. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5544/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на Левица.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Анета Стајиќ беше дадено појаснување по предложениот Амандман.
Овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Се отвори расправа по Амандманот.
Не се јави никој.
Се стави на гласање и од 22 присутни членови, со 6 гласа „за“ и 16 гласа „воздржан“ не го доби потребното мозинство.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5545/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на Левица.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Звезданка Пешиќ беше дадено појаснување по предложениот Амандман.

Овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Се отвори расправа по Амандманот.
Не се јави никој.
Се стави на гласање и од 21 присутен член на Советот, со 3 гласа „за" и 18 гласа „воздржан" не го доби потребното мозинство

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5549/1 од 27.11.2025 година од страна на Советничката група на СДСМ.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на предлагачот на Амандманот, Мирјана Петрушевска Савова беше дадено појаснување по предложениот Амандман.

Овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков се изјасни дека не се прифаќа Амандманот.

Се отвори расправа по Амандманот.
За расправа со дискусија, прашања и реплика се јавија: Селма Амедоска и Мирјана Петрушевска Савова.

Амандманот се стави на гласање и од 22 присутни членови на Советот, со 3 гласа „за" и 19 гласа „воздржан" не го доби потребното мозинство.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.25-5444/4 од 28.11.2025 година од страна на Градоначалникот.
Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по Амандманот и истиот станува составен дел на точката.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал по точката.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Анета Стајиќ и Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „против“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година.

**ТОЧКА 16. Предлог – програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде Претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 13 гласа „за“ и 5 гласа „против“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2026 година.

**ТОЧКА 17. Предлог – оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 13 гласа „за“ и 5 гласа „против“ (Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес во 2026 година.

**ТОЧКА 18. Предлог –програма за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 16 гласа „за“ и 4 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица.

**ТОЧКА 19. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е доставен Амандман со бр.08-5444/6 од 28.11.2025 година од страна на Градоначалникот.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе Извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова даде појаснување за Амандманот и истиот стана составен дел на точката.

Се отвори расправа за Амандманот.

Не се јави никој.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Димче Јованов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 17 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година.

**ТОЧКА 20. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес со кое се констатира престанок на мандатот на Стојна Тодоровска.

**ТОЧКА 21. Предлог – решение за именување член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Членот Мирјана Петрушевска Савова, предложи Петре Ѓорѓиевски да биде член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес.

Предлогот на Комисијата, Слаѓана Ѓерасимова да биде член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес, се стави на гласање и членовите на Советот се изјаснија со 15 гласа „за“.

Предлогот Петре Ѓорѓиевски да биде член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес, се стави на гласање и членовите на Советот се изјаснија со 3 гласа „за“ и истиот не го доби потребното мнозинство.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ се донесе Решението за именување член на Училишниот одбор на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, претставник на Општина Велес со кое се именува Слаѓана Ѓерасимова.

**ТОЧКА 22. Предлог – решение за именување членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Членот Јованче Манасков ја предложи Мирјана Петрушевска Савова да биде член на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации.

Предлогот на Комисијата, Слобдан Ников се стави на гласање и членовите на Советот се изјаснија со 15 гласа „за“.

Предлогот на Комисијата, Мартина Стаменкова се стави на гласање и членовите на Советот се изјаснија со 15 гласа „за“.

Предлогот, Мирјана Петрушевска Савова се стави на гласање и членовите на Советот се изјаснија со 3 гласа „за“ и истиот не го доби потребното мнозиснтво.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ се донесе за Решението за именување членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации со кое се именуваат: Слободан Ников и Мартина Стаменкова.

**ТОЧКА 23. Предлог – решение за именување членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе за Решението за именување членови во Комисијата за следење на состојбата на водите во акумулацијата Езеро „Младост” со кое се именуваат: Јованче Манасков и Димче Ацков.

**ТОЧКА 24. Предлог – решение за именување претседател и членови во Комисијата за вршење на расход на основни средства и ситен инвертар сопственост на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (двајца членови кои не се изјаснуваат) се донесе за Решението за именување претседател и членови во Комисијата за вршење на расход на основни средства и ситен инвертар сопственост на Општина Велес со кое се именуваат: Стефанија Гаврилова, претседател и членови:

Седницата беше закажана за во 09:00 часот, започна со работа во 10:10, а заврши во 17:40 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес